Врз основа на член 343, 344 и 383 од Законот за трговските друштва и член 35 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, акционерите на Акционерското друштво за производство на сопирачка опрема "ВАБТЕК МЗТ" АД – Скопје со ЕМБС 4137787 (во натамошниот текст:Друштвото), на Годишното собрание на акционери одржано на ден 30.05.2023 година ја донесе следнава:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

**- За отповикување на тројца неизвршни членови на Одборот на Директори на друштвото поради оставка**

**- За именување на тројца нови неизвршни членови на Одбор на директори на Друштвото**

**Член 1**

Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти, со живеалиште во САД, СЕ ОТПОВИКУВА од функцијата неизвршен член на Одборот на директори поради поднесена писмена оставка, а на негово место СЕ ИЗБИРА лицето Гвидо Ло Фасо со број на пасош YB9032947 и живеалиште на Виа Делле Росине 8, Торино, Италија;

Г-дин Дејвид Мајкл Ситц, со живеалиште во САД, СЕ ОТПОВИКУВА од функцијата неизвршен член на Одборот на директори поради поднесена писмена оставка, а на негово место СЕ ИЗБИРА лицето Марина Баима со број на пасош YB2116042 и живеалиште на Бутиглиера Алта Виа Корсо Лаги 81/46, Торино, Италија и

Г-дин Зоран Здравковски, со живеалиште во Скопје, СЕ ОТПОВИКУВА од функцијата неизвршен член на Одборот на директори поради поднесена писмена оставка, а на негово место СЕ ИЗБИРА лицето Игор Андоноски со ЕМБГ 0508991450045 и живеалиште на Бул. АСНОМ бр.184/2-31, Скопје, Република Северна Македонија.

**Член 2**

Новите членови ќе ја извршуваат функцијата во Одборот на директори со мандат од 5 години, сметано од 31.05.2023 година.

**Член 3**

Новите членови на Одборот на директори ќе ја извршуваат својата функција, согласно Закон, Статут и останатите позитивни прописи.

Новите членови на Одборот на директори ги исполнуваат условите да бидат избрани како членови на Одборот на директори согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото.

**Член 4**

Во прилог на оваа Предлог-Одлука е содржана професионалната биографија на лицата од член 1 на оваа Предлог-Одлука.

**Член 5**

Врз основа на оваа Одлука, ќе биде извршен упис во Централниот регистар на Р.С. Македонија, согласно закон и позитивните прописи.

**Член 6**

Оваа предлог одлука влегува во сила од датумот на нејзиното донесување.

Собрание на акционери на
ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседавач,

_____________________________

Број ___ – ____ 2023
30.05.2023 година
С к о п ј е